**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Деветтото продолжение на Сто триесет и четвrттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 мај 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,04 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по 134-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Ана Андова, Али Ахмети, Фазли Велиу, Теута Арифи, Џезаир Шаќири, Мендух Тачи, Ружди Матоши, Замир Дика, Ангел Димитров, Игор Ивановски, Рафет Муминовиќ, Мите Николов, Гзим Острени, Љубе Бошкоски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Ганка Самоиловска-Цветанова, Лилјана Поповска, Абдулади Вејсели, Љубчо Георгиевски, Спиро Мавровски, Слободан Чашуле, Јордан Михајловски, Андреј Жерновски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Пратеникот Аднан Јашари предложи точката 29 - Предлог на закон за стручно образование и обука да се разгледа пред останатите точки од дневниот ред на оваа седница и предлогот го поддржаа 10 пратеници.

Предлогот треба да го ставам на гласање но имаме вкупно 30-тина картички подигнато. Пауза до 11,30 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,32 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници)

Во салата имаме 62 пратеника.

Како што знаете, вчера пратеникот Аднан Јашари предложи точката 29 - Предлог на закон за стручно образование и обука да се разгледа како точка 24.

Предлогот го поддржаа 10 пратеници.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни пратеници, 53 гласале.

52 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Повелете, господине Бислимовски.

**Ристе Бислимовски:** Согласно член 74 став 2 од Деловникот за работа на Собранието предлагам точката 34 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување со предлог на закон да биде точка после оваа што ја усвоивме, односно точка 25.

Значи, точката 34 предлагам да биде точка 25.

**Љупчо Јордановски:** Има поддршка од 10 пратеници.

Предлогот точката 34 -Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување со предлог на закон да биде точка на дневен ред откако ќе ја завршиме точката што исто така ја поместивме.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 66 присутни 52 гласале.

52 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

**Минуваме на точката од дневен ред која носи наслов - Предлог на закон за стручно образование и обука**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутни пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 9 за менување на став 3; член 34 за додавање на став 3 по ставот 2 и на член 42 ставови 1 и 2 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски поднесоа амандмани на член 7 за бришење на алинеата 1 и 3; член 7 за менување на алинеа 8; член 7 за менување на алинеа 6; член 9 за менување на алинеа 2; член 10 за додавање две нови алинеи 4 и 5 по алинеа 3; член 11 за менување на алинеа 3; член 18 став 1 точка 1 за бришење на ставот 5 и на точка 2 за додавање нов став 7 по ставот 6; член 33 за менување на алинеа 8; член 33 за додавање две нови алинеи 14 и 15 по алинеа 13 и на член 42 став 1 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 7 за бришење на алинеите 1 и 3 поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за образование и наука.

Повелете господине Герамитчиески.

**Тале Герамитчиески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Молам, дали некој бара збор?(Никој)

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 66 присутни, 54 гласале.

14 за, нема воздржани, 40 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 за бришење на алинеа 2, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за образование и наука.

Повелете господине Герамитчиески.

**Тале Герамитчиески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни, 53 гласале.

14 за, 1 воздржан, 38 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 за менување на алинеа 6, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за образование и наука.

Повелете господине Герамитчиески.

**Тале Герамитчиески:** Амандманот се прифаќа

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на предлогот на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 за менување на став 2, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за образование и наука.

Повелете господине Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни, 54 гласале.

11 за, нема воздржани, 43 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 за додавање две нови алинеи 4 и 5 по алинеа 3, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за образование и наука.

Повелете господине Герамитчиески.

**Тале Герамитчиески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни, 54 гласале.

16 за, нема воздржани, 38 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 11 за менување на алинеа 3, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за образование и наука.

Повелете господине Герамитчиески.

**Тале Герамитчиески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни, 51 гласале.

11 за, нема воздржани, 40 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1 точка 1 за бришење на ставот 5 и на точка 2 за додавање нов став 7 по ставот 6, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за образование и наука.

Повелете господине Герамитчиески.

**Тале Герамитчиески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни, 52 гласале.

8 за, 1 воздржан, 43 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 33 за менување на алинеа 8, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за образование и наука.

Повелете господине Герамитчиески.

**Тале Герамитчиески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни, 53 гласале.

10 за, 1 воздржан, 42 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 33 за додавање на две нови алинеи 14 и 15 по алинеа 13, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за образование и наука.

Повелете господине Герамитчиески.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Молам, дали некој бара збор?(Никој)

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни, 53 гласале.

9 за, нема воздржани, 44 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 42 став 1, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за образование и наука.

Повелете господине Герамитчиески.

**Тале Герамитчиески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни, 46 гласале.

7 за, 2 воздржани, 37 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Ги молам пратениците кои излегоа да влезат.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници)

Во салата се присутни 63 пратеници.

Согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да ги притиснете копчињата.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни 55 гласале.

52 за, 3 воздржани, нема против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот на законот, молам да крене рака.

(Пратениците креваат рака)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Дали има некој против? (Нема)

Констатирам дека на седницата присуствуваат 16 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Од нив за Предлогот на законот гласале 16, нема против, нема воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за стручно образование и обука.

**Минуваме на точката 34 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на закон со Предлог на закон и извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни, 54 гласале.

53 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни, 56 гласале.

54 за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 176 став 1 точка 4 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 7 став 1 и за бришење на став 2; за менување на член 8; член 9 за додавање на зборовите . . ; член 145; а по воведната реченица член 9 во новиот член 145-а ставовите 1 и 2; за менување на член 11 и на член 17 со кои се согласи претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Цветанка Иванова, Нелко Стојановски и Ристе Бислимовски поднесоа амандман за додавање на нов член 4-а по членот 4 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Спиро Мавровски поднесе амандман на член 13 за менување на воведната реченица, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Силвана Бонева, Илија Китановски поднесоа амандмани на член 1 за бришење на членовите 5 и 6 и за бришење на член 11, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Повелете господине министре имате збор да се изјасните.

**Стевче Јакимовски:** Амандманот не е прифатен.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор.?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

64 присутни, 54 гласале, 7 за, 2 воздржани, 45 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 4-а по членот 4 поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Нелко Стојановски, Ристе Бислимовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

**Стевче Јакимовски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од Предлогот на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење членовите 5 и 6, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

**Стевче Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не прифатен.

Дали некој бара збор?

Нема пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

64 присутни, 54 гласале, 9 гласале за амандманот, 1 воздржан, 44 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење член 11, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

**Стевче Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не прифатен.

Дали некој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

64 присутни, 48 гласале, 10 гласале за амандманот, 2 воздржан, 36 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 13 за менување на воведната реченица, поднесен од пратеникот Спиро Мавровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

**Стевче Јакимовски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува состевен дел од Предлогот на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор?

Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

64 присутни, 52 гласале, 51 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

Благодарам министре.

Има ли преставник од Мистерството за правда.

**Минуваме на точка 26 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Закон за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите.**

Претресот по текстот на Предлогот на законот е заклучен.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

64 присутни, 54 гласале, 54 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

**Минуваме на точка 24 - Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за државна помош.**

Предлогот на закон ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни, 47 гласале, 45 гласале за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

**Минуваме на точка 25 -Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Дали некој бара збор?

Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ве молам седнете гласајте за да не гласаме поединечно.

Ве повикувам да гласаме.

64 присутни, 51 гласале, 49 за, 1 воздржан, 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

**Минуваме на точка 27 - Предлог за донесување на закон за забрана на развивање, производство, складирање и употреба на хемиско оружје, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлог на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збро?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за забрана на развивање, производство, складирање и употреба на хемиско оружје.

Ве повикувам да гласаме.

63 присутни, 51 гласале, 51 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на ова седница да се претресе и предлогот на закон?

Ве повикувам да гласаме.

62 присутни, 45 гласале, 44 за, 1 воздржан, нема против.

Констарирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 3, за менување на насловот на Глава 4, член 6, ставови 2 и 3 и член 10 ставови 1 и 2, член 13 став 3, член 19 став 1, за менување на точка 2 на точките 4, 5,8 и 10 и на став 3 и на член 20 став 1, точки 1, 2 и 3 и на став 3.

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Овде не гледам претставник од Министерството за надворешни работи.

Повереникот се согласил, но претставник овде немаме.

Известен сум дека претставниците од Министерството за надворешни работи се на пат за Собранието. Затоа јас ќе го искористам деловничкото право и ќе поминам на следната точка.

Значи оваа точка ќе ја гледаме кога ќе дојде преставник од Министерството за надворешни работи.

**Минуваме на точка 28 - Предлог на закон за надзор на државната граница.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за одбрана и безбедност поднесе амандман на член 28 став 2.

Отвора претрес по амандманот на член 28 став 2, поднесен од Комисијата за одбрана и безбедност.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи, господинот Михајловски.

**Љубомир Михајловски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законт.

Ги молам пратениците да влезат во салата, а службите нека го утврдат бројот на присутни пратеници.

Присутни се 62 пратеници.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

62 присутни, 61 гласале, 61 за, нема воздржани,нема против.

Констарирам дека Собранието го донесе Законот за надзор на државата граница.

**Минуваме на точка 30 - Предлог за донесување на закон за високото образование.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Дали некој бара збро?

Процедурално за збор се јавува пратеникот процедурално Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Претседателе, бараме еден час пауза.

**Љупчо Јордановски:** Добро.

Продолжуваме во 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 15,02 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Почнавме со Предлогот за донесување на закон за високо образование.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделни.

Отворам претрес.

За збор се јави заменик министерот за образование и наука.

Повелете господине Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Дозволете ми во неколку реченици да ја искажам високата потреба од донесување на нов закон за високо образование.

Како што ви е познато во неколку наврати кога се обраќавме на темите од високото образование од оваа говорница посочивме дека после 2003 година кога Република Македонија стана потписничка на Болоњската декларација и со учестовото на Бергенската конференција минатата година презеде обврски за реформа во системот на високото образование во Република Македонија со ставање на силен акцент на создавање на интегриран универзитет.

Од тие причини измените и дополнувањата кои се направени во правец на зајакнување на интеграцијата на Универзитетот поширокои компетенции и намалување на правниот субјективитет на факултетите ви за ви зајакнување на правниот субјективитет на Универзитетот, измените и дополнувањата во поглед на додаток на диплома како нова институционална форма. Внесување на нови механизми во делот на контрола на квалитетот на образованието.

Измените и дополнувањата во начинот на управување на Универзитетот преку воведување на Совет во кој законовно-правниот дом ќе има свои претставници беа од толкав обем што неможеше да се толкува дека станува збор за измени и дополнувања на постоечкиот закон, напротив, обемот на измените е толку голем што наложи потреба од барање до законодавно-правниот дом да предвиди во две фази донесување на нов закон за високо образование.

Значи, пред вас се наоѓа потребата од донесување на закон и јас би апелирал до пратениците да ја констатираат оваа потреба. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓице Грковска имате збор.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Пред нас е еден сериозен текст кој, се надевам дека и покрај тоа што сме речиси на крајот на мандатот, ќе имаме сериозна дискусија од страна на пратениците со оглед на тоа она што го кажа заменик министерот не очекуваат сериозни реформи во високото образование како еден продолжеток на реформите кои досега ги правевме односно ги направивме во основното и средното образование. Денеска со еден клучен закон што го донесовме за средното стручно образование кој би требало да даде потполно нова димензија и во образованието, меѓутоа и во релациите помеѓу образованието и стопанствениците, за што многу пати сме зборувале како еден неминовен дијалог или како неминовни соработници во она што се вели економски развој на државата, бидејќи без добар образовен систем, без добро образувани кадри едноставно во ниту една држава тоа не е можно.

Впрочем и министерот за економија го почна Болоњскиот процес за да се создадат предуслови за економија базирана на знаење, што во суштина би требало да значи општество базирано на знаења како неминовен фактор за развој на секоја држава и за развој на секој поединец.

Нема да се повторувам со заменик министерот само ќе укажам на одредени решенија кои се предлагаат во овој закон. Добро е што ќе има можност овој закон да оди во две фази. Високообразовните установи ќе можат да се произнесат во една исцрпна и долга јавна расправа, па би апелирала на долга , но не предолга расправа затоа што на тој начин никогаш не би можело да ги спроведеме реформите затоа што секогаш ќе имате различни интереси кои ќе биде тешко да се вклопат во еден закон она што мислам дека би требало да се постигне како цел на јавната расправа е да имаме еден закон кој ќе биде прифатлив за сите и кој ќе биде добра основа за спроведување на она што би сакале да го спроведеме како реформа во високото образование.

Треба да имаме предвид дека согласно Болоњската декларација универзитетите се тие што ќе имаат својство на правни лица и добро е што се предлагаат решенија кои ќе овозможат еден т.н. преоден период за прилагодување на универзитетите и факултетите во рамките на универзитетите заради тоа што не само овој член, туку и други членови нудат храбри и крупни решенија кои , доколку внимателно не се спроведуваат, можат да имаат крупни последици и турбуленции.

Она што би сакала да го видам во овие решенија покрај тоа што се нуди во рамките на Универзитетот, автономијата на Универзитетот покрај можноста за доживотно учење како суштински елемент на европскиот простор на високото образование што е промовирано во овој закон. Покрај децидното регулирање на кредитрансфер системот кој досега прилично различно беше толкуван и нејасен и за студентите и за одреден број професори .

Она што би требало овој закон да го содржи за што мислев дека претставниците на универзитетите ќе имаат храброст да проговорат е регулирањето на конфликтот на интереси на Универзитетот на високообразовните установи.

Сведоци сме, не само последната година, туку години наназад дека во различни прилики имаме коментари од студентите дека одредени професори ги продаваат своите учебници во своите кабинети и доколку студент не го купи учебникот од професорот, тогаш ќе има проблеми во полагањето.Такво нешто би требало да се регулира. Има различни критериуми за оценување, во зависност од тоа дали учебникот е купен кај професорот кој е автор на учебникот или не, што не би смеело да се случува. Мислам дека универзитетскиот кадар би требало сам да биде иницијатор на регулирање на вакви негативни појави на Унивењрзитетот и злупотребување на неговата автономија. Освен тоа не се ретки случаите кога родител кој е универзитетски професор има влијание во вработувањето на своето дете и многу често се случува кога на конкурс се пријавени кандидати кои имаат многу повисок просек, но, за жал, од страна на Комисијата не наидеуваат на позитивна рецензија за сметка на дете на вработен ротидел на Универзитетот.

Ова се прашања кои би требало да се третираат како конфликт на интереси и да се регулираат во Законот за високото образование заради тоа што кога имавме храброст да го направиме тоа за одредени негативни појави во основното и средното образование, мислам дека треба да се направи и во Законот за високото образование поготово во соработка со универзитетскиот кадар затоа што самите треба да иницираат вакви промени.

Освен тоа, сметам дека треба да се регулира начинот на ангажирање на универзитетските професори. Еден професор кој работи на еден Универзитет, знаеме дека е тоа чест случај, работи на државен универзитет, а потоа е ангажиран и на приватни универзитети, а во различни универзитети има различни критериуми на оценување. Тоа по мене претставува злоупотреба на академската слобода, треба да постои попрецизен начин на кој начин можат универзитетските професори кои веќе имаат работен однос на државните универзитети да бидат ангажирани на некој друг универзитет без разлика дали е приватен или државен да не се доведеме во ситуација каква што имаме денеска некои универзитети воопшто да немаат

претстава кој од нивниот вработен кадар држи часови на други универзитети надвор од матичниот универзитет, а за сметка на тоа трпи наставата, трпат студентите на матичниот универзитет на сметка на останатите.

Сметам дека квалитетна настава неминовно бара спроведување на се она што ние сме обврзани како земја потписничка на Болоњската декларација да го направиме за детално спроведување на Европскиот кредиттрансфер систем што бара редовност и на професорите и на студентите, што е невозможно доколку еден професор е ангажиран на повеќе универзитети практично не може квалитетно да одговори на наставата на ниту еден факултет.

Покарј тоа во еден член се регулира начинот на кој универзитетските професори би можело да работат доколку ги исполнуваат условите за пензија. Мора да кажам дека треба членот 147 да претрпи измени каде се вели дека на лице избрано во наставно-научно или наставно звање кое во текот на учебната .година наполнило 65 годишна старост работниот однос му трае до крајот на учебната година, а на предлог на Наставно-научниот совет може да му го продолжи работниот однос на редовен професор до 70 години старост ако на јавен конкурс не се јавил кандидат кој ги исполнува формалните услови за избор во редовен професор. Мора да кажам дека строго се спротивставувам на ваква одредба заради тоа што свесни сме дека универзитетите практично им недостига млад кадар токму заради тоа што на одредени универзитети унапредувањето е оневозможено токму заради тоа што некои универзитети беа премногу толерантни со ангажирањето на професорите кои се веќе во пензија. Тоа не значи дека пензиониран професор не би требало да се ангажира и да продолжи со својата научна дејност, меѓутоа, во секој случај сметам дека треба да се обезбедат услови за напредување на младите кадри, а на овој начин тоа не би било можно.

Добро е што има посебна глава која го регулира статусот на студентите. На Комисијата за образование разговаравме, беше присутен претседателот на Сојузот на студентите кој имаше одредени забелешки во овој правец, но јас сум убедена дека во јавната расправа ќе има конструктивни дискусии кои ќе наидат на подобрување на овие решенија кои се понудени и кои во основа претставуваат добар текст за дискусија и за изготвување на еден сериозен закон за високо образование кој ќе биде основа за натамошно имплементирање на сите предизвици пред кои,.меѓу другото, и овој период на реформи и транзиција високото образование ќе мора да ги направи и практично да биде нивен промотор. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Голомеов.

**Благој Голомеов:** Благодарам господине претседателе, сосема накратко, немам намера подолго да дискутирам, бидејќи пред нас се наоѓа исклучително значаен законски проект, тоа е Закон за високото образование, а бидејќи сме при крај на овој мандат, се нема услови за квалитетна расправа каква ваков закон би требало да има. Имајќи предвид колку е значаен како таков. Затоа сакам да сугерирам Владата да не брза со донесувањето на втората фаза од законот, конечниот текст, туку да се организира една квалитетна расправа во која свое мислење ќе дадат универзитетите во Република Македонија, фелата од оваа област се со цел да донесеме еден закон кој навистина ќе го унапреди високото образование во секој поглед.

Инаку, пред нас се наоѓа материјал кој е добар, меѓутоа, материјал кој задира во суштински работи како што е финансирањето на универзитеетот, интегрираноста на универзитетите, посебно Универзитетот Св. Кирил и Методиј, автономноста на универзитетите како таа ќе се дефинира во поглед на тоа дали е јавна дејност или со посебен закон, со Законот за високото образование, од акредитацијата на новите факултети, изборот на наставници, спроведувањето на кредиттрансфер системот, реализацијата на Болоњските процеси итн. Тоа се суштински прашања за кои навистина треба квалитетна расправа пред се собраниска расправа, меѓутоа пак велам имајќи во предвид во која фаза се наоѓа Собранието, не сме во состојба денеска квалитетно да дискутираме и придонесеме кон подобрување на овој текст, меѓутоа тоа ќе мора да се направи преку една квалитетна јавна расправа. Не смееме да си играме со вакви законски решенија, не смееме да импровизираме, Министерството има подготвено прилично добар текст, меѓутоа, тој текст ќе треба да се претресе од фелата на која се однесува дотичниот закон. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Пред да го гласаме заклучокот, се надевам дека има доволно за кворум, ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Координаторите или замениците на координаторите нека ме известат дали може да се обезбеди кворум, за да не го вклучувам саатот за десет минути кворум, нека ме известат.

Благодарам, тогаш вака ќе направиме.

Ќе продолжиме со гласањето утре во 11,00 часот.

Денеска потпишав решенија за нова седница која ќе биде утре во 13,00 часот затоа што Владата побара Предлог за донесување на закон за ратификација на измените и дополнувањата на Договорот за слободна трговија помеѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина, усвоен од Мешовитиот комитет за спроведување на овој договор, со Преедлог на закон, да се свика итна седница, тоа е единствената точка на дневен ред, а Законот треба да стапи на сила од 1 јули.

Значи, утре во 11,00 часот продолжуваме со денешната седница, со гласањето, а во 13,00 часот ја имаме новата седница, а потоа ќе продолжиме со истата денешна седница.

Ви благодарам до утре, се гледаме.

(Седницата прекина со работа во 15,25 часот)